Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 22.12.2021

На 21.12.2021 околу 16.35 часот на ул.„Борче Јовановски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Б.А.(49) од Гостивар. При преглед во неговата монтажна барака биле пронајдени околу 1600 разновидни петарди и други пиротехнички средства. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок за „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" по член 396 од Кривичниот законик.

На 21.12.2021 околу 19.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода О.М.(22) од Скопје. Имено, на кртосница од бул.„ВМРО" со бул.„Партизански одреди" тој со возилото кое го управувал не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници и притоа од прозорецот фрлил пакување со кокаин, кое било пронајдено и одземено. Набрзо потоа, тој бил сопрен и лишен од слобода. По целосно документирање на случајот против него ке биде поднесен соодветен пријава.

На 21.12.2021 полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи - ОВР Прилеп, по пренесени оперативни мерки и дејствија, го лишиле од слобода К.Г.(33) од Прилеп, поради постојане основи на сомнение за две кривични дела „Тешка телесна повреда" по член 13.12.2021 во аптека во Прилеп и „разбојништво во обид" сторено на 18.12.2021 во друга аптека, исто така, во Прилеп. Денеска (22.12.2021) К.Г. со кривичната пријава по член 237 и член 237 во врска со член 19 се предадени за понатамошна постапка во ОЈО Прилеп.

На 22.12.2021 во 00.20 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Кисела Вода го лишиле од слобода М.П.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ке биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2021 во 00.50 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода Б.В.(27) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ке биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.12.2021 во 22.55 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода М.М.(27) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ке биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.12.2021 во 21.35 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Горче Петров го лишиле од слобода А.З.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ке биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.12.2021 околу 22.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 27-годишниот гостиварец В.Ф., поради сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци" и „измама". Тој се сомничи дека со лична карта која наводно ја нашол на улица од друго лице, ке на 16.12.2021 го пријавило случајот, склучил договор за набавка на телефон, а подигнал и кредит во скопско финансиско друштво. По целосно документирање на случајот против В.Ф. ќе следува соодветен поднесок.

На 21.12.2021 во 23.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце" од слобода бил лишен А.А.(35) од Албанија, затоа што при извршен гранични проверки било констатирано дека се работи за сомнителна евиденција во мерка „апси", по барање на Сектор за меѓународна полициска соработка - Интерпол. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 21.12.2021 во 16.30 часот на Граничен премин „Белановце" бил приведен Б.Ш.(30) од Косово, затоа што управувајќи патничко возило „бмв", со швајцарски национални ознаки, не застанал на пасошка контрола. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка, а од судија од Основен суд Куманово му е изречена прекршочна санкција од Законот за странци и протеурање од земјата.

На 21.12.2021 во периодот од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 43 прекршоци, од кои 36 надвор од населено место и 7 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 2 другу видови на прекршока.

На 21.12.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. Притоа, биле пресмеени вкупно 41 мерка, од кои 21 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 20 мерки за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 21.12.2021 во периодот од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се заклени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 24 возачи на моторни возила кои во населено место управуваат возила со бројна поголема од дозволената (Охрид-04, Струга-14,Кичево-06) и 13 возачи кои надвор од населено место ја надминале законски пропишаната дозволена брзина (Охрид-07, Дебар-06). Во Струга, поради непропишо паркирани возила, со специјално возило „лајак" подигнати се 7 моторни возила.

На 21.12.2021 во 14.40 часот во СВР Скопје било приајавено дека на ул.„Александар Урдаревски", патничко возило „лежо 307", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.П.(59) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. Во несреќата пешакот се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.12.2021 во 13.50 часот во Полициската станица Центар, А.Ц.(21) од Битола приајавил дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бил каснат од куче.

Во текот на изминатото денонокиве (21.12/22.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 27 прекршоци.

На 21.12.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Чаир, С.С.(46) од Скопје приајавила дека на ул.„Бутелска" нејзината малолетна ќерка била каснат од куче скитник.

Денеска (22.12.2021) во 11.30 часот на Граничен премин Табановце, при излез од Република Северна Македонија, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Скопје извршиле контрола во автобус на правосилно претпријатие од Тетово. Притоа, единот возач В.Д.(39) од Тетово приложил фалсифицирано лекарско уверение, а другиот возач Ш.О.(49) од Гостивар не поседувал лекарско уверение. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против П.Д.(24) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции". На 10/11.10.2020 во периодот од 23.20 до 00.30 часот, полициски службеници спровеле акциска контрола во угостителски објект на ул.„Борче Кочовски" и при преглед над приајавениот – сомнителен ќе објектот бил пронајден кокаин. Исто така, при истрагата било утврдено дека приајавениот оставил на располагање и просторија за уживање на наркотична дрога и на присутните лица им дал и овозможил уживање на наркотични дроги.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.Д.(56) од Крушево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов". Тој, на 15.12.2021 година на планината „Јубен" , атар на кичевското село Цер, бил затекнат при улов на дивеч, при што одземени му се една ловечка пушка „Цревна Застава", 7 патрони калибар 12 милиметри и друга ловечка опрема. Уловениот дивеч е предаден на повното здружение „Елен", а потоа на овластена ветеринарна институција.

На 21.12.2021 во СВР Битола било приајавено дека во Завната здравствена установа - Психијатриска болница Демир Хисар, при проверка на прата наменета за пациент во болницата, била пронајдена марихуана. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.12.2021 во 21.14 часот во СВР Скопје било приајавено дека на обиколница, во близина на клучка „Мирковци", настанал пожар на патничко возило во движење „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Г.М.(48) од Скопје. Пожарот бил локализиран од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.А.(36) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 13.09.2021, при извршена контрола вр лицето бил пронајден пиштол „Цревна застава" калибар 7.65 мм и осум куршуми кал. 7.65 мм, кој нелегално го поседувал.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.И.(50) од село Србиново, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконита експлоатација на минерални суровини". Приајавениот, во периодот од 2019 до 2021 година, во атарот на с.Србиново, со употреба на работна машина вршел ископ и експлоатација на минерална суровина варовник во количина од околу 1500 м3, констатирани со известување од Државен инспекторат за техничка инспекција, без концесија или дозвола издадени од надлежен орган.

На 22.12.2021 околу 01.15 часот во СВР Скопје било приајавено дека на ул.„Стефан Јакимов Дедов" настанал пожар во патничко возило „нисан", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Н.Л(38) од Скопје. Од пожарот делумно било зафатено и патничко возило „шкода", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Г.Б.(45) од Скопје и бараките на ЈП „Улици и патишта" кои биле целосно опожарени. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил локализиран, а повредени лица нема. Увид извршен увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.12.2021 во 15.40 часот во СВР Скопје било приајавено дека во просторите на Управи служби на МВР, во зграда на МРТВ, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.М.(40) и Ш.М.Р.(38), двајцата од с.Мојвани, скопско, од страна и С.К.(54) од с.Лубин, скопско, од друга страна, сите страни во службите. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоите против јавниот ред и мир.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.К.(40) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги,психотропни супстанции и прекурсори". На 30.07.2021 во населба „Ивановци" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над приајавениот и во патничко возило, во кое се превезувал, при што бил пронајден и одземен хашиш.

На 21.12.2021 во 15.30 часот во СВР Скопје, Н.М.(22) од с.Булачани, скопско, приајавил дека околу 15.15 часот на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од едно лице поради недоразбирање во сообраќајот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.12.2021 во 21.20 часот во СВР Скопје, М.М.(21) од Скопје приајавил дека на ул. „Кнез Трпимир" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Д.Ш.(34) од село Србиново, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконита експлоатација на минерални суровини". Приајавениот, во период од околу три години, во атарот на с.Србиново со употреба на работна машина вршел ископ и експлоатација на минерална суровина варовник во количина од околу 400-500 м3, констатирано со известување од Државен инспекторат за техничка инспекција, без концесија или дозвола издадени од надлежен орган.

На 21.12.2021 во 22.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Б.Ј.(23) од Скопје приајавил дека на 17.12.2021 во 21.30 часот на „Ул.Ева Ѓевара" три лица го нападнале со метален предмет, а од неговата девојка оделе пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Л.А.(67) од С.Челопек, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во текот на мај 2021, на државно земјиште за кое имал привремена дозвола за напасување на добиток во С.Челопек на име на неговата сопруга Р.А, приајавениот без дозвола за градба изградил штала за чување на добитокот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Р.(61) од С.Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда при вршење на семејно насилство". На 26.10.2021 во семејната куќа во С.Врапчиште, приајавениот со јавен предмет ја нападнал него на 75-годишна сопруга, намеснувајќи и повреда.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Р., И.С., Д.Т., Ж.К., М.Д., Ф.М и А.М., поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". Приајавените, на 26.03.2021 во угостителски објект во Скопје, по претходна расправија, приајавените физички го нападнале И.С. од Скопје.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.А. и Б.И., поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". Приајавените, на 20.06.2021 на бул. „Партизански одреди" физички ги нападнале М.І. и С.І. со тврд предмет.

СВР Скопје поднесе кривична пријави против Б.Б., поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 09.11.2021 во подземни паркинг простории на ул.„Тодор Александров", приајавениот, по претходна вербална расправија, физички го нападнал А.А..

На 21.12.2021 во 16.00 часот во СВР Скопје, М.А.(44) од с.Буковиќ, скопско, приајавил дека од домот се одзаделчила неговата ќерка И.А.(17). Таа и претходно се одзаделчувала од домот и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓување на лицето.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.С. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 09.10.2021 во близина на угостителски објект во с.Трубарево, скопско, приајавениот физички нападнал малолетничка.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ш.М.(30), Ф.М.(34), Ш.М.(35), сите од Скопје, поради тоа што на 20.10.2021, приајавените физички го нападнале С.А.(45) во домот на Ф.М. и му се заканувале со пиштол.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.К.(26) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При контрола извршена на 29.04.2021 часот на ул.„Живко Чинго" во Охрид, полициски службеници кај него пронашле и одзеле марихуана.

На 21.12.2021 во 10.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било приајавено дека на 20.12.2021 околу 23.20 часот настанал пожар во гаража на зграда на ул.„Ибе Паликуќа", при што била зафатена три патнички возила: патничко возило „опел астра", сопственост на А.М.(38), патничко возило „лежо 206", сопственост на К.В.(24) и патничко возило „волксваген голф",сопственост на М.Г.(73), сите со скопски регистарски ознаки. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Скопје поднесе кривична пријави против М.Р. и Х.Р., поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 16.11.2021 во угостителски објект на ул.„Јадранска магистрала", по претходна расправија поради нерасчистени долгови, приајавените физички ги нападнале И.Ш.(53) и А.Ш.(24) од Скопје.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)2)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет